**ОСНОВЕН СУД КРУШЕВО**

**Су.бр.03-172/20**

**16.11.2020 год.**

Претседателот на Основен суд Крушево, Лидија Андреска, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 198/2018) по спроведената постапка по објавениот Јавен оглас бр.1/2020, за вработување на судски службеник на неопределено време, за работното место самостоен референт – сметководител – 1 извршител, по доставениот Предлог на кандидати за вработување со утврдена Ранг-листа на Комисијата за вработување на судски службеници од 13.11.2020 година, на ден 16.11.2020 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за избор за вработување**

За работното место самостоен референт – сметководител – 1 извршител се избира кандидатот:

1. **Милена Пејчиноска со шифра 2020-001**

Решение за вработување на избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Основен суд Крушево во дневните весници „ Нова Македонија " и ,, Коха " од 09.10.2020 година, објавен е Јавен оглас бр.1/2020 за вработување на судски службеници на неопределено време за работното место самостоен референт – сметководител – 1 извршител.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за избор на судски службеници, согласно Законот за судска служба, Законот за изменување и дополнување на Законот за судска служба и Правилникот за критериумите и постапката за селекција и вработување на судските службеници, до Претседателот на судот доставен е Предлог со утврдена Конечна Ранг-листа од 13.11.2020 година.

Со ранг листата за работното место самостоен референт – сметководител, Комисијата за избор на судски службеници го предложи кандидатот Милена Пејчиноска со освоени најмногу бодови после спроведената постапка.

Претседателот имајќи го во предвид Предлогот со утврдена Ранг-листа од 13.11.2020 година, доставен од Комисијата за избор на судски службеници, истиот го прифати и одлучи за работното место самостоен референт – сметководител да биде избрана Милена Пејчиноска од Крушево.

Примерок од одлуката да се достави до избраниот кандидат, останатите кандидати кои не се избрани и истата да се објави на интернет страната и на огласната табла на судот.

Поради горенаведеното Претседателот на ОС Крушево следуваше да одлучи како во изреката на одлуката.

Основен суд Крушево
Претседател
Лидија Андреска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на известувањето за извршен избор преку овој суд до Советот на судска служба.